**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

декември 2016 година

Врз основа на член 47 став 1 точка 9 од Законот на Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и член 54 став 1 алинеја 3 од Правилникот за стратегиско и оперативно планирање Пр. бр.02-15/I-1/2016 од 28 јануари 2016 година, Советот на Народната банка на Република Македонија ја донесе

**Програмата за работа**
**на Народната банка на Република Македонија за 2017 година**

1. Основна цел на Програмата за работа на Народната банка на Република Македонија за 2017 година (во понатамошниот текст: Програмата за работа) е да обезбеди оптимално насочување на расположливите ресурси кон приоритетните области, јакнење на капацитетите во сите сегменти на работењето, понатамошно подобрување на квалитетот на работењето, како и следење и оцена на резултатите и ефективноста на преземените мерки и активности.

2. Програмата за работа содржи програмски активности за остварување на стратегиските цели утврдени со Стратегискиот план на Народната банка на Република Македонија за периодот 2017-2019 година, С.П. бр. 02-15/VII-1/2016 од 26. мај 2016 година.

3. Програмските активности содржат еден или повеќе функционално поврзани работни процеси и проекти за чие извршување одговара една или повеќе организациски единици кои имаат заедничка цел, точно утврдени надлежности, рокови и ресурси.

4. Програмските активности се од областа на монетарната политика, супервизијата, банкарската регулатива и финансиската стабилност, финансиските пазари, управувањето со девизните резерви, развојот на истражувачката дејност, издавањето и управувањето со книжните и кованите пари, платните системи, статистиката, како и голем број активности коишто претставуваат поддршка на основните функции на Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) поврзани со финансиите и сметководственото работење, информациската технологија и корпоративното управување.

Програмата за работа содржи и активности насочени кон усогласувањето на правните, организациските и потребите од ресурси на Народната банка во процесот на пристапување кон Европската централна банка и Европскиот систем на централни банки, што е во согласност со препораките содржани во извештајот „Анализа на потребите на Народната банка", одобрен од страна на Управниот комитет на проектот ИПА.

Во 2017 година се одбележуваат 25 години од монетарното осамостојување на Република Македонија. Овој јубилеј ќе биде одбележан со неколку пригодни настани во организација на Народната банка.

5. Програмата за работа содржи 129 програмски активности, од кои 106 се редовни работни процеси, кои се остваруваат во текот на годината и преку кои непосредно се обезбедува остварување на стратегиските цели на Народната банка.

Програмата за работа содржи и 23 проекти кои овозможуваат воведување промени во работењето од аспект на зголемување на ефикасноста, квалитетот, транспарентноста и сигурноста, усогласување со новите законски барања, европските прописи, меѓународните стандарди и со барањата на ММФ.

6. Распределбата на програмските активности според утврдените стратегиски цели и носители е извршена на следниов начин:

Стратегиска цел 1 - Одржување на ценовната стабилност преку стабилен курс на денарот во однос на еврото.

**Област: Монетарна политика**

Програмски активности:

- Изготвување макроекономски проекции.
- Изработка на анализи за одржливоста на јавниот и надворешниот долг, урамнотежениот реален девизен курс и монетарната трансмисија коишто се употребуваат при носење одлуки на монетарната политика.
- Анкетни истражувања.
- Изготвување ad hoc анализи.
- Изработка на редовни извештаи.
- Редовно спроведување монетарни операции и одржување рамнотежа на девизниот пазар.
- Активна промоција на денарското штедење.

Носители: Дирекција за МПИ и ФП

Стратегиска цел 2 - Одржување стабилен и сигурен банкарски систем, како основен предуслов за финансиска стабилност и за одржлив економски раст на земјата.

**Област: Супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност**

Програмски активности:

- Изработка и донесување регулатива во доменот на банкарското работење и банкарската супервизија.
- Анализи и следење на движењата во банкарскиот и финансискиот систем.
- Редовни вонтеренски активности.
- Ревидирање на интерната методологија за оцена на одделните ризици и сумарниот профил на ризик на банките.
- Ревидирање на содржината на извештаите за вонтеренско следење на банките (профил на ризик и финансиска анализа).
- Ревидирање на потребата за усогласување на интерните процедури за теренска и вонтеренска оцена на ризиците.
- Натамошно развивање на интерната методологија за оцена на ПИК на банките и определување на капиталните додатоци/потреби за одделните банки од страна на Народната банка.
- Спроведување редовни теренски контроли.
- Ревидирање на процедурите за оцена на поединечни ризици.
- Ревидирање на постојните стандарди за непрекинатост во работењето.
- Јакнење на капацитетот на супервизорите во делот на надзорот над платежните институции.
- Соработка со меѓународни институции за зајакнување на капацитетите за спречување на перење пари.

Носители: Дирекција за ФБ, ВСЛ и ТС

Стратегиска цел 3 - Ефикасно управување со девизните резерви на Република Македонија при оптимална рамнотежа помеѓу принципите на сигурност, ликвидност и поврат од управувањето.

**Област: Управување со девизните резерви.**

Програмски активности:

- Управување со ризиците.
- Ефикасно следење и анализирање на инвестициските позиции.
- Управување со девизните резерви на Република Македонија.

Носител: Дирекција за ФП

Стратегиска цел 4 - Поддршка на развојот на домашните финансиски пазари.

**Област: Домашни финансиски пазари.**

Програмски активности:

- Учество и поддршка на развојот на домашните финансиски пазари.

Носител: Дирекција за ФП

Стратегиска цел 5 - Зголемување на ефикасноста на системот на снабдување и обработка на книжните и кованите пари и зголемување на квалитетот и функционалноста на готовите пари во оптек.

**Област: Издавање и управување со книжните и кованите пари.**

Програмски активности:

- Снабдување на банките и центрите за готовина со книжни и ковани пари.
- Контрола на примената на стандардите и критериумите за готовинско работење кај банките и центрите за готовина.
- Изработка/набавка на книжни и ковани пари, менични бланкети, пригодни ковани пари и ковани пари за колекционерски цели.
- Воспоставување нов современ концепт за управување и ракување со готовината.
- Активности за потребите на Народната банка, државните институции и органите на управа.

Носител: Дирекција за ТР

Стратегиска цел 6 - Одржување највисок степен на сигурност, стабилност и ефикасност на домашните платни системи и обезбедување услови за прекугранично поврзување на платните системи.

**Област: Платни системи.**

Програмски активности:

- Унапредување на работата на МИПС за прекуграничните плаќања во евра преку ТАРГЕТ2.
- Примена на новата регулатива со која се транспонираат директивите на ЕУ во областа на платежните услуги согласно со спроведениот ИПА-проект од 2015-16 година.
- Анализа на Директивата за сметки за плаќање на ЕУ.
- Платен промет со странство за сметка на државата и државните органи.
- Обработка и порамнување на трансакциите поврзани со управувањето на девизните резерви и со спроведувањето на монетарната политика, следење и поддршка на порамнувањето на трансакциите на пазарите преку шалтер.
- Надгледување на платните системи.

- Поддршка на учесници во МИПС и обработка на налозите за присилна наплата.
- Организирање на Десеттата конференција за платните системи и системите за порамнување хартии од вредност.

Носител: Дирекција за ПС

Стратегиска цел 7 - Развој на истражувачката дејност во областите коишто се од клучно значење за ефикасно остварување на целите на Народната банка.

**Област: Истражувачка дејност.**

Програмски активности:

- Изработка на работни материјали и други активности во областа на истражувачката дејност
- Организација на годишна конференција на Народната банка.

Носители: Главниот економист, дирекција за МПИ и ФБ

Стратегиска цел 8 - Обезбедување квалитетни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди, водејќи сметка за известувачкиот товар и нивната ефикасна, навремена и едноставна дисеминација до корисниците.

**Област: Статистика.**

Програмски активности:

- Обработка и прикажување на податоците за надворешно трговската размена за интерна употреба, изготвување и објавување извештаи за девизниот курс и реалниот ефективен девизен курс.
- Извештаи за платниот биланс, за официјалните девизни резерви и девизна ликвидност.
- Извештаи за директни инвестиции.
- Извештаи за надворешниот долг, надворешните побарувања и нето надворешниот долг.
- Извештаи за меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија.
- Воспоставување систем за управување, чување, обработка и ракување со статистичките податоци, воспоставување податочен склад.
- Доставување податоци за макроекономските показатели на Република Македонија до БИС
- Доставување податоци за Националната страна за статистички податоци на ММФ.
- Активности за унифицирана секторизација на институционалните единици на национално ниво.
- Статистика на хартии од вредност.

- Воспоставување на статистиката на финансиските сметки за финансиските трансакции и состојби, согласно со СНА 2008 и ЕСА 2010.
- Изработка на монетарни прегледи.
- Проект за воведување интегриран систем за известување податоци од страна на Народната банка, банки, штедилници, за статистички и супервизорски цели.
- Извештаи за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците за примени депозити и одобрени кредити.
- Извештаи за состојбата на средствата и обврските на финансиските институции.
- Прием и обработка на податоците за состојбата на странските директни инвестиции во Република Македонија и во странство.
- Прием и обработка на податоците за краткорочните побарувања и обврски од комерцијалното работење со нерезидентите.
- Прием и обработка на податоците за финансискиот резултат на поврзаните субјекти врз основа на вложување од странство.
- Пресметка на движењата на странските директни и портфолио-инвестиции во Република Македонија и во странство.
- Прием и обработка на податоците за надворешниот долг и надворешните побарувања.
- Евиденција на кредитните работи со странство.
- Прием и обработка на податоците за платниот промет на овластените банки со странство.
- Прием и обработка на податоците од месечните извештаи за трансакциите со странство.
- Алатка за анализи на статистичките податоци и статистички интернет-портал за надворешните корисници на податоците.
- Пристапување кон СДДС плус стандардот за дисеминација на податоци на ММФ.
- Составување на Програмата за статистички истражувања за периодот 2018-2022 година.
- Изготвување извештаи од доставени податоци за платниот промет во земјата.

Носители: Дирекција за СТ и ПС

Стратегиска цел 9 - Подготовка на Народната банка за приклучување и членство во Европскиот систем на централни банки.

**Област: Подготовки за пристапување на Народната банка во Европскиот систем на централни банки.**

Програмски активности:

- Управување со проектите финансирани од Инструментот за претпристапна помош – ИПА.

- Активности поврзани со процесот на пристапување на Народната банка во Европскиот систем на централни банки.
- Координирање на проектите поврзани со техничката соработка на Народната банка и останатите централни банки и меѓународни институции.

Носители: КГ и повеќе ОЕ во Народната банка

Стратегиска цел 10 - Следење на трендовите во централното банкарство, јакнење на флексибилноста во однос на промените што ги наметнува опкружувањето, ефективно управување со ризиците во сите сегменти на работењето, обезбедување непрекинатост во работењето и сигурност на информацискиот систем, подобрување на транспарентноста и општествената одговорност на институцијата.

**Област: Финансии, сметководство и контрола.**

Програмски активности:

- Евидентирање на девизните трансакции.
- Евидентирање на трансакциите со книжните и кованите пари и други вредности.
- Евидентирање на монетарните инструменти и депозитни работи во денари.
- Ликвидирање на сметководствените документи за извршени набавки на стоки, услуги и работи и обврски за плаќање врз други основи, евидентирање и наплата на побарувањата (излезни фактури) и пресметување на обврските за ДДВ.
- Благајничко работење, исплати врз основа на Колективниот договор и пресметување персонален данок.
- Пресметка и евиденција на плата, придонеси и надоместоци од плата.
- Финансиско известување.
- Планирање.
- Интегриран сметководствен систем.

**Област: Внатрешна ревизија.**

Програмски активности:

- Планирање и изработка на годишна и тригодишна ревизорска Програма за работа.
- Извршување ревизија.
- Екстерна процена на работењето на ДВР од страна на Централната банка на Холандија.

**Област: Стратегиско планирање, управување со ризиците, обезбедување непрекинатост во работењето и сигурност на информацискиот систем и заштита на личните податоци.**

Програмски активности:

- Активности за обезбедување непрекинатост во работењето на Народната банка.
- Контрола на усогласеноста со прописите за заштита на личните податоци во Народната банка.
- Следење на евидентираните инциденти.
- Периодична контрола на усогласеноста во работењето со прописите за заштита на личните податоци и интерната регулатива за сигурност на информацискиот систем.
- Стратегиско планирање.
- Управување со оперативните ризици на ниво на Народната банка.

**Област: Правни работи**

Програмски активности:

- Контрола на усогласеност на работењето со прописите.
- Изготвување и контрола на закони, општи, поединечни правни акти, како и ажурирање на регистарот на прописите на Народната банка.
- Подготвување на седниците на Советот на Народната банка.
- Изготвување правни документи, тужби, одговор на тужби и вонредни правни лекови.
- Давање правни мислења, совети и вршење обуки.

**Област: Меѓународни односи.**

Програмски активности:

- Следење и координација на обврските коишто произлегуваат од членството на Народната банка во меѓународните финансиски институции.

**Област: Односи со јавноста.**

Програмски активности:

- Комуникација со јавноста.
- Развој на едукативната функција на Народната банка во насока на подигнување на нивото на финансиска писменост кај јавноста.
- Организирање, координирање и извршување на протоколарните работи во Народната банка.
- Организирање на службените патувања.

**Област: Издавачки работи.**

Програмски активности:

- Унапредување на интернетската и интранет-страницата на Народната банка.
- Издавање ковани пари за колекционерски цели.

**Област: Управување со човечките ресурси.**

Програмски активности:

- Стручно усовршување и развој на вработените.
- Поставување соодветна организациска и систематизациска поставеност.
- Обезбедување ангажираност на вработените.
- Остварување на правата и обврските од работен однос.
- Внатрешна веб-страницата за промоција на активности на вработените.

**Област: Информациска технологија.**

Програмски активности:

- Извршување промени во ИТ-системот.
- Управување со сигурноста преку усогласување со меѓународните стандарди и внатрешната регулатива и контрола на активностите на вработените.
- Изработка и надградба на апликации.
- Редовни активности во областа на ИТ.
- Овозможување непрекинатост во работењето.
- Одржување на ИТ-инфраструктурата.
- Давање на ИТ-услуги.
- Одржување на апликациите.

**Област: Јавни набавки.**

Програмски активности:

- Подготовка и спроведување на постапките за јавни набавки.
- Следење на договорите врз основа на јавните набавки и прием, евидентирање и контрола на фактурите и другите сметководствени документи.
- Учество во спроведувањето на проектот за изградба на нов објект на Народната банка.

**Област: Техничко одржување, обезбедување и архива.**

Програмски активности:

- Канцелариско работење.
- Архивско работење.
- Физичко обезбедување и противпожарна заштита.
- Одржување на објектите.
- Обезбедување транспортни услуги.
- Развој на ДМС.

**Област: Музеј.**

Програмски активности:

- Откуп на нумизматички материјал.

- Изработка на музејска документација.
- Конзервација на нумизматичкиот материјал и други активности на Конзерваторската лабораторија.
- Физичко ракување со предметите од Нумизматичката збирка, нивно безбедносно чување, пристап до работните простории и заштита при работа во конзерваторската лабораторија.
- Музејска едукација и мерки за безбедност при посетата на постојаната музејска поставка на Народната банка.
- Организација на гостинска изложба од Љубљана.

**Област: Библиотека и архив.**

Програмски активности:

- Набавка и одржување на библиотечниот фонд на Народната банка.
- Информирање на вработените во Народната банка преку интранет-страницата.
- Дигитализација на архивскиот материјал од историско значење произлезен од работењето на Народната банка.

Носители: ФСК, ИТ, ПР, ЈН, КГ, ТООА, ЧР, Музеј, БА, ВР и советници на гувернерот.

7. Програмата за работа предвидува еден дел од работните процеси и проектите да се остваруваат во соработка со други организациски единици - даватели на услуги, а се однесуваат на извршување проекти во областа на информациската технологија, соработка при остварување на проектите поврзани со ИПА и организирање настани поврзани со работењето на Народната банка.

8. Проектите од областа на информациската технологија се разграничени по организациски единици и се презентирани во прилогот 1 од оваа програма за работа.

9. Во текот на 2017 година ќе се организираат два поголеми настана по повод одржувањето на Годишната конференција на Народната банка и Десеттата конференција за платните системи и системите за порамнување хартии од вредност. Носители на овие проекти ќе бидат КГ и ДПС, во соработка со ДЈН и ТООА.

10. Програмата за работи содржи активности за тестирање на плановите за обезбедување непрекинатост на работењето на 23 работни процеси, со што ќе се овозможи оценување на одржливоста на плановите и согледување на можните проблеми и пречки при нивното спроведување.

11. Составен дел на оваа програма за работа е ревидираниот проектиран биланс на состојба за тековната и за следните три години, кој ги содржи финансиските последици од нејзиното остварување, презентиран во прилогот 2.

12. Програмата за работа се остварува во текот на една календарска година, почнувајќи од 1 јануари до 31 декември 2017 година.

13. Програмата за работа влегува во сила на денот на донесувањето.

**Пр. бр.02-15/XIV-1/2016**
**15 декември 2016 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач на Советот на**
**Народната банка на Република**
**Македонија**
**Димитар Богов**

Прилог 1

Проекти од областа на информациската технологија

| ОЕ | Назив на ИТ-проектот |
|---|---|
| СТ | СТ1 Автоматизација на дел од интерните аналитички табели за надворешно-трговската размена.<br>СТ2 Автоматизација на дел од извештаите за Светската банка.<br>СТ4 Надградба на апликативниот софтвер за побарувањата и обврските од комерцијалното работење со нерезиденти.<br>СТ5 Надградба на апликативниот софтвер за евиденција на кредитните работи со странство.<br>СТ8 Создавање единствена база на статистички податоци.<br>СТ10 Автоматизација на ревидираниот редовен монетарен сет податоци согласно со новите статистички стандарди на ММФ.<br>СТ11 Натамошно усогласување на статистиката на каматните стапки со барањата на ЕУ и ММФ.<br>СТ13 Воспоставување нови извори во рамки на статистиката на хартиите од вредност.<br>СТ14 Подготовки за приклучување на Република Македонија кон стандардот на ММФ за СДДС плус.<br>СТ15 Активности за спроведување на проектот ИСИДОРА (подготовка на сетот монетарни податоци согласно со барањата на ЕЦБ, како и новите барања од ЕСА 2010).<br>СТ16 Воведување алатка за интерни анализи на статистичките податоци и статистички интернет-портал за надворешните корисници на податоците. |
| ПС | ПС1 Надградба на апликацијата Електронско банкарство.<br>ПС2 Платежна статистика за вонтеренско надгледување на платните системи.<br>ПС3 Надградба на апликацијата за доставување на податоците за платежната статистика.<br>ПС4 Електронско доставување и обработка на налозите за извршување (е-извршување). |
| ВСЛ | ВСЛ1 Изготвување урнек за извештаите од ВСЛ.<br>ВСЛ2 Изготвување извештаи за споредбено портфолио.<br>ВСЛ5 Изготвување извештај за споредба на лицата коишто извршиле трансакции брз трансфер на пари. |
| ТР | ТР1 Дополненија во апликацијата „Трезор“.<br>ТР2 Изработка на нов модул „Експертиза и евиденција на оштетените пари“ |

| ОЕ | Назив на ИТ-проектот |
|---|---|
| ФБ | ФБ1 Агрегирање извештаи од апликацијата ЕриКлиент за лимитите на изложеност на банките.<br>ФБ2 Усогласување на обрасците од работните случаи за временските серии и агрегирање во апликацијата ЕРИклиент со промени во регулативата.<br>ФБ6 Усогласување со промените во регулативата и дополнување на извештајот за ново одобрените кредити |
| ФП | ФП1 Извештаи БЗ и ДХВ<br>ФП2 Распределба на каматниот ризик<br>ФП3 Усогласување со најдобрите практики за следење на ризиците |
| ФСК | ФСК1 Интегриран сметководствен систем<br>ФСК2 Нов софтвер за планирање<br>ФСК3 Изработка на ново апликативно решение за пресметка на плата и персонален данок на доход<br>ФСК4 Службени патувања и сметководствено евидентирање |
| ИТ | ИТ1 Приспособување на Центарот за ИТ-услуги<br>ИТ2 Конвертирање на дел од апликациите Access во .Net |
| БА | БА1 Апликативно решение за дигитален историски архив |
| ТС | ТС1 Апликација за извршување теренска супервизија |